# Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц, раствор
# Граничен производ

## УПАТСТВОТО ЗА УПОТРЕБА

**Пред употреба на граничниот производ, внимателно прочитајте го упатството.**

- ***Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.***
- ***Советувајте се со Вашиот лекар/фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.***

Упатството содржи:

1. Што претставува и за што се употребува граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц,
2. Што треба да се знае пред употребата на граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц,
3. Како се употребува граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц,
4. Можни несакани дејства на граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц,
5. Чување и рок на употреба на граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц и
6. Дополнителни податоци за граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц.

### 1. Што претставува и за што се употребува граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц

Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц е раствор за перорална употреба. Придонесува во олеснување на дразнењето на горните дишни патишта и во нормалната функција на имуниот систем.

Екстрактот од тегавец (*Plantago lanceolata*) придонесува во олеснување на дразнењето на горните дишни патишта.

Витаминот Ц (аскорбинската киселина) придонесува за нормалната функција на имуниот систем, намалување на заморот и исцрпеноста.

Екстрактот од ехинацеа (*Echinacea purpurea*) придонесува во нормалната функција на имуниот систем.

### 2. Што треба да се знае пред употребата на граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц

***Немојте да го земате граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц***

Ако сте алергични или пречувствителни на некоја од состојките на производот.

Не се препорачува употреба при прогресивни системски болести (ТБЦ, леукемија), автоимуни болести, сида, бременост, доење и кај деца под 3 години.

***Бидете посебно внимателни со граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц***

Нема посебни мерки на препазливост.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

***Бременост и доење***

*Побарајте совет од Вашиот лекар или фармацевт пред употреба на било каков производ.*

Не се препорачува употреба при бременост и доење.

***Влијание врз способноста на возење автомобил/ракување со машини***

Не е забележано влијание на граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц врз психофизичките способности и на способноста за возење и работа со машини.

***Важни информации за некои ингредиенти на граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц***

Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц содржи сорбитол и малтитол сируп.
Сорбитолот и малтитол сирупот може да имаат благо лаксативно дејство.

***Земање/употреба на други медицински производи***

Не е забележано взаемно делување со други медицински производи.

**3. Како се употребува граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц**

*Секогаш употребувајте го граничниот производ според препораките дадени во ова упатство или како што Ви препорачал Вашиот лекар/фармацевт.*

Начин на употреба

За перорална употреба (се пие).

Дозирање

Деца од 3-6 години: ½ чајна лажичка (2,5 ml) три пати на ден.

Училишни деца: 1 чајна лажичка (5 ml) три пати на ден.

Возрасни: 1 супена лажица (15 ml) три пати на ден.

Не се препорачува континуирана употреба подолго од 2 недели.

Ве молиме да се придржувате до препорачаните дневни дози.

Без додаден алкохол и шеќер. Погоден е за употреба и кај дијабетичари.

***Ако сте употребиле повеќе од препорачаното***

Ако сте зеле поголема доза од препаратот отколку што треба, веднаш посоветувајте се со Вашиот лекар/фармацевт.

Нема наведени податоци за предозирање со овој производ.

Евентуалната прекумерната употреба, може да има лаксантивно дејство.

***Ако сте заборавиле да го употребите граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц***

Ако сте пропуштиле доза, земете ја наредната и продожете со вообичаеното дозирање.

Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.

***Ефекти што произлегуваат од прекинување на употребата***

Не се познати.

**4. Можни несакани дејства на граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА *СКОПЈЕ*

*Како и сите други лекови и медицински производи и граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц може да има несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.*

Досега нема пријави за несакани дејства.
Прекумерната употреба може евентуално да има благо лаксативно дејство.

*Ако забележите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

**5. Податоци за чување и рок на употреба на граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц**

***Начин на чување***
**Да се чува на места недостапни за деца!**
Да се чува на суво и темно место, на температура до 25° C.

***Рок на употреба***

Рок на употреба е наведен на пакувањето.

Не го употребувајте производот по датумот на истекот на рокот на употреба наведен на кутијата/блистерот. Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

***Не го употребувајте граничниот производ ако сте забележиле***
Промени на растворот или пакувањето.

***Одстранување на граничниот производ***
*Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отсраните граничните производи кои веќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.*
Граничните производи не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинство.

**6. Дополнителни податоци за граничниот производ Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц**
***Што содржи Мукоплант тегавец со ехинацеа и витамин Ц***

| Состав | 100 g | 100 ml | Во препорачаната дневна доза | | | Препорачана дневна количина/доза (ПДК %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 7,5 ml | 15 ml | 45 ml | * за деца (4-10 г.) | ** за возрасни |
| Екстракт од теснолистен тегавец (Plantago lanceolata) | 4,5 g | 5,456 g | 409,2 mg | 818,4 mg | 2455,2 mg | / | / |
| Екстракт од виолетова ехинацеа (Echinacea purpurea) | 0,02 g | 0,025 g | 1,86 mg | 3,72 mg | 11,16 mg | / | / |
| Етерично масло од црно нане (Mentha piperita) | 0,01 g | 0,012 g | 0,93 mg | 1,86 mg | 5,58 mg | / | / |
| Витамин Ц (Ascorbic acid) | 0,50 g | 0,620 g | 46,5 mg (*103 %) | 93 mg (**116 %) | 279 mg (**349 %) | 45 mg | 80 mg |

МДК*-максимална дневна дозволена количина за деца од 4-10 години.
МДК**-максимална дневна дозволена количина за деца над 14 и возрасни.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА *СКОПЈЕ*

**Состав:** стабилизатори: сорбитол, малтитол сируп; вода; 4,4 % екстракт од лист од тегавец 1:1 (*Plantago lanceolate);* 0,5 % витамин Ц (аскорбинска киселина); конзерванс: калиум сорбат; 0,02 % екстракт од ехинацеа 34-44:1 (*Echinacea purpurea*), етерично масло од црно нане (*Mentha piperita*); малтодекстрин. Без додаден шеќер и алкохол.

***Изглед и големина на пакување***
Темно стаклено шише x 100 ml/кутија

***Начин на издавање на граничниот производ***
Граничниот производ се издава и/или продава без рецепт.

***Носител на одобрението за ставање на граничниот производ во промет***
Натусана Македонија
ул. Качанички пат бр. 174
МК-1010 Скопје
www.natusana.mk

***Производител на граничниот производ***
Dr. Theiss Naturwaren GmbH,
Michelinstrasse 10,
D-66424 Homburg, Германија
www.naturwaren-theiss.de

***Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи***
(-------------)

***Датум на последна ревизија на упатството***

12.2015

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА *СКОПЈЕ*